**ДО**

**НАСТАВНО-НАУЧНИОТ И УМЕТНИЧКИ СОВЕТ
НА ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА
ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Приговор на рефератот за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во Универзитетски билтен, број 162 од 1.2.2016 година

На 10.2.2016 под број 2405-44/1 во законскиот рок е доставен Приговор од м-р Ангел Коруновски кон Рефератот за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област вајање и вајарски техники на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, објавен во Универзитетски билтен, број 161 од 1.2.2016 година.

Рецензентската комисија во состав проф. д-р Никола Смилков - претседател, проф. м-р Ибрахим Беди - член и проф. д-р Фехим Хусковиќ - член го разгледа текстот на приговорот и го констатира следното:

1. При анализа на целокупната документација на пријавените кандидати, Рецензентската комисијата во горенаведениот состав се водеше од член 14, став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип кој гласи: **„Има најмалку четири признати меѓународни уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава, во последните пет години“** . Во врска со овој член, Комисијата констатираше дека кандидатот м-р Ангел Коруновски не го исполнува овој важен услов за понатамошна анализа и вреднување.
2. Сите активности од биографијата поднесена од кандидатот м-р Ангел Коруновски во периодот од 2010 до 2015 г. кои беа поткрепени со релевантна документација (дипломи, каталози, сертификати, договори за реализација и сл.) се вреднувани. При повторната проверка, Комисијата констатираше дека не се работи за пропуст. Имено, Комисијата не се вклучува во анализа и вреднување на активности кои не се поткрепени со документи, а се спомнати во биографијата. Поради тоа, Комисијата констатираше дека забелешките на кандидатот по однос на пропуст во бодувањето на бисти, ликовни колонии и симпозиуми се неосновани, од причина што за нив не се доставени релевантни докази (документ од добиен конкурс, договор за реализација, дипломи, сертификати и признанија и сл.). Вакви докази кандидатот има доставено за другите активности, кои му се соодветно бодувани.
3. Во однос на забелешката на кандидатот м-р Ангел Коруновски дека е ставен во неповолна положба при изборот, со што не му се вреднувани значајни активности во периодот пред 2010 г., Комисијата ја смета за неоснована. Причина за тоа е што за овој период кандидатот има доставено само 4 (четири) каталози за уметничко претставување, од кои два се доказ за самостојно ликовно претставување во државата (ликовни изложби), кои носат по 6 поени и два се за учество во групни изложби, реализирани во државата, кои носат по 3 поени или вкупно 18 поени.
4. Сите кандидати пријавени на објавениот Конкурс се оценувани за ист временски период, од 2010 до 2015 година, што повторно укажува на неоснованост на забелешката на кандидатот м-р Ангел Коруновски за ставање во неповолна положба во однос на другите кандидати.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија да го одбие Приговорот како неоснован и да го усвои заклучокот и предлогот на Комисијата во целост и тоа:

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и врз основа на приложената документација, Комисијата констатираше дека пријавените кандидати имаат широк спектар на стручно-уметничка дејност. Опсежниот творечки опус, реализираните бројни групни и самостојни изложби, но и монументални дела, укажуваат дека се работи за профилирани и стручни кандидати кои постојано придонесуваат во ликовната уметност во Република Македонија. Комисијата констатираше дека стручно-уметничката активност на кандидатот м-р Слободан Милошески особено се издвојува, поради поголемиот број на уметнички претставувања надвор од Република Македонија, што претставува дополнителна потврда за квалитетот на овој кандидат. По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатите кои се пријавија на распишаниот Конкурс и по извршениот увид во уметничките компетенции и достигнувања, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го избере м-р Слободан Милошески во насловно звање насловен доцент во наставно-научната област вајање и вајарски техники.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Д-р Никола Смилков, редовен професор, претседател,**
**Факултет за образовни науки, УГД, Штип, с.р.**
**М-р Ибрахим Беди, редовен професор, член,**
**Факултет за ликовни уметности, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Д-р Фехим Хусковиќ, редовен професор, член,**
**Факултет за ликовни уметности, УКИМ, Скопје, с.р.**